| 2. | **Домашни инвестициони програми** | | |
| 2.1. | Изработка на техничка документација за гасификација на Гевгелија | **260.000 ден.** | **1 667 886 ден.** |
| 2.2. | Изградба на фекална канализациона мрежа во Милетково со препумпна станица | **809.418 ден.** | **15.638.049 ден.** |
| 2.3. | Изградба на улична фекална канализација во Смоквица | **0. ден.** | **33.470.773 ден.** |
| 3. | **Преку Министерство за труд и социјална политика** | | |
| 3.1. | Доградба на детска градинка „Сончогледи" | **0. ден.** | **27.776.000 ден.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.2. | Замена на кров на детска градинка „Цветови" | **0. ден.** | **4.564.815 ден.** |
| 3.3. | До подобра социјална заштита во Гевгелија | **0. ден.** | **1.787.800 ден.** |
| | **Вкупно:** | **7.369.418 ден.** | **107.036.425 ден.** |

**2.** Вкупниот износ за реализација на Програмата изнесува **12.000.000 денари.**

**3.** Оваа одлука влегува на сила од денот на нејзино донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-688/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

--------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 1, а во врска со член 162 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 23.04.2021 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
### За измена и дополнување на Статутот на Општина Гевгелија

**Член 1**

Во Статутот на Општина Гевгелија Глава IV – ПОСЕБНИ ТЕЛА НА ОПШТИНАТА, по член 76 се додаваат нови членови кои гласат:

Член 76-а

ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Во Општината се формира Локален младински совет како советодавно тело на општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.

Млади се жители на Општината на возраст од 15- до 29 години живот.

Младите од став 1 на оваа Одлука можат да бидат избрани за претседател и заменик претседател на Локалниот младински совет, само ако се со место на живеење во општина Гевгелија.

Член 76-б

Локалниот младински совет ги врши следните работи:

- расправа на седници на Локалниот младински Совет за прашања значајни за нивната работа;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општина Гевгелија, а се од интерес за работата на младите;
- соработува во изработката и го следи спроведувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на општината;
- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и ги промовира активностите на Локалниот младински совет;
- врши и други работи од интерес за младите.

Член 76-в

Локалниот младински Совет има 5 членови.

Советот на општина Гевгелија покренува постапка за избор на членови во Локалниот младински совет со јавен повик.

Кандидатите за членови на Локалниот младински совет ги предлагаат: невладини организации и здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на општина Гевгелија го избира и го разрешува Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет од своите редови избира претседател и заменик, согласно Деловникот за работа на Локалниот младински совет.

Член 76-г

Членовите на Локалниот младински совет имаат мандат од две години, со право на уште еден избор.

Советот на општина Гевгелија може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истекот на мандатот на лично барање, ако наполни 30 години живот, ако отсуствува од седниците на Локалниот младински совет и ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

Член 76-д

Локалниот младински Совет одржува седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Локалниот младински совет.

Претседателот на Локалниот младински совет е должен да свика вонредна седница на предлог од најмалку 1/3 од членовите на Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет ги донесува одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на Локалниот младински совет.

Начинот на работа на Локалниот младински совет поблиску се утврдува со Деловникот за работа на Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет може да формира постојани и повремени работни тела за потесни кругови на делување, на организирање форуми,

трибини и работилници за поедини групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

Член 76-ѓ

Локалниот младински совет донесува Програма за работа и ја доставува до Советот на општина Гевгелија најдоцна до 31 окотомври во тековната година за следната година.

Програмата ги содржи следните активности:

- учество во креирањето и пратење на локалната програма за работа на младите;
- соработка со другите советодавни тела во Република Северна Македонија;
- консултирање со организацијата на младите за теми значајни за младите;

Член 76-е

СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Општина Гевгелија обезбедува финансиски средства за работа на ЛМС и простор за одржување на седници.

Од буџетот на општина Гевгелија се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на ЛМС во согласност со усвоената годишна програма.

Членовите на ЛМС не добиваат надоместок за својата работа.

Стручните и административни работи за потребите на ЛМС ги врши општинската администрација, односно службеник за млади, кој го назначува општината согласно Законот за младинско учество и младински политики.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-689/1
23.04.2021 год
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

--------------------------------

Врз основа на член 22 став 1, точка 3 и 4, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 16 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Службен весник на РМ 6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Сл.Весник на РСМ“ бр.153/19 и 261/19), член 62 и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 23.04.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

**за утврдување на физибилити студија по ЕСКО модел за јавно-приватно партнерство за улично осветлување во Општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука СЕ УСВОЈУВА физибилити студијата за примена на мерки за енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување, во Општина Гевгелија.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

Бр. 09-690/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

-----------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) член 16 и член 17 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на РМ" 6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и 153/2019) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 23.04.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

**за утврдување на референтната вредност на потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување и референтни услови за експлоатација во Општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат следнте референтни вредности за инсталирана снага на јавно улично осветлување од 271 KW и 2.500 светилки:

- Референтна годишна потрошувачка за електрична енергија за јавно осветлување во вкупен износ од 1.211.907,00 KW/ год.
- Референтни годишни трошоци за електрична енергија на јавното осветлување во вкупен износ од 7.235.083,00 МКД/год. без вклучен ДДВ.
- Референтни годишни трошоци за одржување на јавното осветлување во вкупен износ од 1.557.176,00 МКД/год. без вклучен ДДВ.
- Референтни месечни трошоци за електрична енергија на јавното осветлување во вкупен износ од 602.924,00 МКД/год. без вклучен ДДВ.
- Референтни месечни фиксни трошоци за одржување на јавното осветлување во вкупен износ од 129.765,00 МКД/год. без вклучен ДДВ.

**Член 2**

Утврдените референтни вредности ќе бидат појдовна основа за изработка на понудите од страна на ЕСКО компаниите по ЕСКО модел за јавно приватно партнерство.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

Бр. 09-691/1
23.04.2021год.
Гевгелија

----------------------------

Врз основа на член 26 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр.63/07, 187/13, 43/14,215/15 год. год.) и член 89 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 23.04.2021 година, по расправата по Годишниот извештај за работата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2020 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2020 година

2.Еден примерок од Заклучокот да се достави до Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-692/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-------------------------------------

Врз основа на член 26 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр.63/07, 187/13, 43/14,215/15 год. год.) и член 89 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 23.04.2021 година, по расправата по Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2020 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2020 година.

2.Еден примерок од Заклучокот да се достави до Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-693/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

------------------------------

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), одредбите од Законот за рамномерен регионален развој (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21), член 62 и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 23.04.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

**за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект: „Адаптација на сместувачки објект во туристичко место Смрдлива Вода"**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат средства за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект: **„Адаптација на сместувачки објект во туристичко место Смрдлива Вода"**. Носител на проектот е Општина Гевгелија.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за адаптација на сместувачки објект во туристичко место Смрдлива Вода, со износ во висина од 3.000.000 денари.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

Бр. 09-694/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

-------------------------

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр. бр. 05/02) и член 38 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.), а во врска со Одлуката за аплицирање и имплементација на проектот **„Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси"** (Sustainable management of cross-border water resources) со акроним "AQUA-M II", за промоција на прекуграничната соработка помеѓу Р. Северна Македонија - Р. Грција со број**: 09-995/1 од 19.04.2016 година,** Советот на Општина Гевгелија ја донесе следната

# ОДЛУКА

За позајмица на средства од Општинскиот буџет за реализација на Проектот
**„Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси“,**
**реф. бр. AQUA-M II-CN1-SO2.3-SC021**

**Член 1**

Заради потребата од реализација на активностите на проектот **„Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси“** кои треба да завршат до 1.07.2021 година, Советот на Општина Гевгелија одобрува на проектот **„Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси“,** позајмица од **106 000,00 евра, пресметано во денари по среден дневен курс на Народна банка.**

Позајмицата ќе се изврши од сметката на Буџетот на Општина Гевгелија на наменската сметка на Проектот, финансиран од ЕУ преку Програмата за прекугранична соработка, Интеррег - Инструмент за предпристапна помош (ИПА) Република Грција – Република Северна Македонија, референтен AQUA-M II-CN1-SO2.3-SC021, а согласно Договорот за финансиска помош од 02.04.2018 година, во кој Општина Гевгелија е лидер партнер.

**Член 2**

Висината на финансиските средства во износ од 106 000,00 евра наведени во член 1 од оваа Одлука по позитивната ревизија на трошоците ќе бидат вратени на сметката на Буџетот на Општина Гевгелија.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила од денот на нејзино донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-695/1
23.04.2021
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 26 од Статутот на Општина Гевгелија, („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.), а во врска со член 20-б став (1) алинеа 3 и став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 23.04.2021 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

**за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2021 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2021 година, предложен од Градоначалникот на Општина Гевгелија.

**Член 2**

Се обврзува Градоначалникот на Општина Гевгелија, Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2021 година, да ја достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-696/1
23.04.2021 год
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

------------------------

Врз основа на член (2) став 4 и член 40 став (2) точка 5 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен Весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 23.04.2021 година, расправајќи по барањето на Месна Заедница Ума-село Ума од Гевгелија, поддржана од Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

# ОДЛУКА

**за давање под закуп за користење и стопанисување со објект КП 1082 КО Ума во сопственост на Општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давањето под закуп на објект во сопственост на Општина Гевгелија, на времено користење на Месна Заедница Ума-село Ума од Гевгелија и се уредуваат условите и начинот на негово користење.

**Член 2**

Објектот кој е во сопственост на општина Гевгелија, е со внатрешна површина од 65 м2 која се наоѓа на КП бр.1082 КО Ума, запишан во имотен лист бр.50375.

**Член 3**

Давањето на овој објект под закуп ќе се одвива преку давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба, согласно член 40 став (2) точка (5) од Законот за користење и располагање со ствари на државните органи („Службен Весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19).

**Член 4**

Закупецот од членот 3 на оваа Одлука ќе се обврзе да располага со гореспоменатиот објект заради вршење на неговата основна дејност – одржување на состаноци, организирање на селски средби и манифестации.

**Член 5**

Објектот во сопственост се дава под закуп за времено користење во период од 3 години, без надоместок од закупецот. Закупецот се обврзува овој објект да го оспособи за своите потреби на сопствен трошок.

**Член 6**

За начинот и условите на користење на објектот, општина Гевгелија како закуподавач и закупецот ќе склучат посебен договор.

Договорот од име на општината се обврзува да го потпише Градоначалникот на Општина Гевгелија, по усвојувањето на Одлуката од Советот на Општина Гевгелија.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-697/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) ,член 116 ст.1 алинеа 1 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14,10/15, 25/15,150/15,192/15,27/16,163/17,21/18,198/18, ,, Службен весник на Република Сверна Македонија"бр.104/19,146/19 и 275/19) и член 35 став 1 алинеја 1 член 91 од Статутот на Јавната општинска установа за деца –Детска градинка ,,Детска радост"Гевгелија, Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 23.04.2021 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

**За измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ ,,Детска радост" бр.02-78/4 од 25.03.2019**

**Член 1**

Во членот 21 став 1 се менува и гласи:
Детската градинка дејноста ја остварува во 7(седум) објекти и тоа :
-Објект ,, Детска Радост" на ул.,,Гоце Делчев" бр.16;
-Објект ,, Сончогледи" на ул.,,Ристо Јанев" бр.12;
-Објект ,, Цветови" на ул.,,Илинденска" бр.8;
-Објект ,, Негорци" на ул.,,Б.У с.Негорци;
-Објект ,, Миравци на ул.,,Б.У с. Миравци;
-Објект ,, Малото штркче" Б.У с. Богородица;
-Објект ,, Развигорче" с.Прдејци

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-698/1
23.04.2021 год
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-----------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр. бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата, одржана на 23.04.2021 год., донесе

# ОДЛУКА

**за давање на користење, одржување и управување на објектот „Развигорче“ во с. Прдејци, Општина Гевгелија на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Детска радост“- Гевгелија**

**член 1**

Со оваа Одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на објектот „Развигорче“ во с. Прдејци, Општина Гевгелија на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Детска радост“ Гевгелија, како и други прашања во врска со функционирањето на објектот.

**член 2**

Објектот „Развигорче“ во с. Прдејци, Општина Гевгелија, со нето корисна површина од 170,8 м2 и ограден двор со површина од 360 м2, е изграден со средства од Буџетот на Република Северна Македонија и Буџетот на Општина Гевгелија, а е во сопственост на Општина Гевгелија.

**член 3**

Објектот „Развигорче“ во с. Прдејци, Општина Гевгелија, ќе го користи, одржува и управува Јавната општинска установа за деца- Детска градинка „Детска радост“- Гевгелија.

Јавната општинска установа за деца- Детска градинка „Детска радост“- Гевгелија е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

За примопредавањето на објектот и опремата во објектот ќе се состави записник.

**член 4**

Јавната општинска установа за деца- Детска градинка „Детска радост“- Гевгелија не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

**член 5**

Директорот на Јавната општинска установа за деца- Детска градинка „Детска радост“- Гевгелија се обврзува да ги преземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на објектот.

**член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр. 09-699/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---------------------------------

Врз основа на член 89 став (2) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.), и член 374 став (5) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ"бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 година, и "Службен весник на РСМ" бр.98/19 год,), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 23.04.2021 година, расправајќи по Извештајот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2020 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1. Се усвојува Извештајот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2020 година.

2.Примерок од овој Заклучок да се достави до Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-700/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

------------------------------

Врз основа на член 89 став (2) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.), и член 374 став (3) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 год., и "Службен весник на РСМ" бр.98/19 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 23.04.2021 година, расправајќи по Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2021 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1. Се усвојува Програмата за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2021 година.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија

3.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-701/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.), Советот на Општина Гевгелија,на седницата одржана на 23.04.2021 година по расправата по Информацијата за работењето на АД за Водостопанство на РСМ – подружница "Јужен Вардар"-Гевгелија, ги донесе следните

## ЗАКЛУЧОЦИ

1.Организирање на средба помеѓу Градоначалникот на Општина Гевгелија, претставници од АД за Водостопанство на РСМ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на тема-наводнување, имајќи во предвид дека изградбата на Конска брана е во завршна фаза .

2.Формирање на работна група составена од советниците: Тихомир Ручкоманов, Игор Илков и Перо Стојанов кои ќе остварат итна средба со раководството на АД за Водостопанство на РСМ и ќе разговараат за постоечките проблеми со наводнувањето во општина Гевгелија.

бр.09-702/1
23.04.2021 год
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

--------------------------------

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18,198/18 и 143/19 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 23.04.2021 година, донесе

# ОДЛУКА
## за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија за 2021 година

**Член 1**

Се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија за 2021 година.

**Член 2**

Примерок од Измената на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија за 2021 година да се достави до ЈПКД "Комуналец" – Гевгелија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-703/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-----------------------------

Врз основа на член 17 став (2) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13,............ и 02/19 год.), и член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 23.04.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## За разрешување на член на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија

1. Од Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија се разрешува членот:

- **Александра Дагалева, дипломиран правник од Гевгелија.**

2. Примерок од ова Решение да се достави до разрешениот член и до ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето на "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-704/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

--------------------------------

Врз основа на член 17 став (2) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13,............ и 02/19 год.), и член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 23.04.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## За именување на член на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија

1. За Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија се именува лицето:

- **Тања Делиманова Ванова, дипломиран педагог од Гевгелија.**

2. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот член и до ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето на "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-705/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

--------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија, („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20 и 02/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 23.04.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува исплата на финансиски средства во висина од 400.000 денари како финансиска помош за лекување на лицето Викторија Костадинова од Гевгелија.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година од Основниот буџет, програма А0 – Совет на Општина Гевгелија подставка 412110-Постојана резерва (непредвидливи расходи), а ќе се преведат на денарска трансакциска сметка 200002238635444, отворена во Стопанска банка АД-Скопје..

**Член 3**

Исплатата на финансиските средства ќе следува по приложување на целосната документација за лекување заедно со Конзилијарно мислење од здравствена установа за лекување во странство.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-706/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Тодор Ристов**

------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) член 16 и член 17 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на РМ" 6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и 153/2019) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 23.04.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во општина Гевгелија преку воведување на мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО Модел

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гевгелија започнува постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во општина Гевгелија преку воведување на мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО Модел (во натамошниот текст договор за воспоставување на јавно приватно партнерство). Оправданоста од доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, произлегува од потребата за воведување на мерки за енергетска ефикасност во општината и реконструкција на постоечкиот систем за јавно осветлување, со што значително ќе се подобри квалитетот на јавното осветлување ќе се остварат енергетски заштеди кои ќе донесат финансиски бенефит на општината, а ќе придонесат и кон намалување на штетни емисии во атмосферата. Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се реализира според моделот проектирање – изградба – финансирање – стопанисување – трансфер (DFBOT).

**Член 2**

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се воспостави како јавна набавка за услуга кој се потпишува со приватниот партнер, кој ќе биде избран како понудувач со најдобра понуда утврден со одлука за избор.

**Член 3**

Целите кои треба да се остварат со доделување на договорот за ЈПП се:

- Реконструкција на јавното осветлување;
- Воведување мерки за енергетска ефикасност и
- Унапредување на заштита на животната средина.

**Член 4**

Предмет на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство е:

Имплементација на мерки за енергетска ефикасност (МЕЕ) за подобрување на ефикасното користење на енергијата, како и во согласност со намалување на испуштање на $CO_2$ штетни емисии (стаклени гасови) а со тоа и намалување на оперативните трошоци на предметниот објект.

**Член 5**

Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство е усвоена вредност 57.831.631 денар без вклучен ДДВ.

**Член 6**

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се додели за период од најмногу 8 години при што рокот почнува да тече од датумот на склучување на договорот.

Пред истекот на рокот од став 1 од овој член, приватниот партнер е должен да го предаде во владение на Општината системот за јавно осветлување со сите додатоци и подобрувања.

**Член 7**

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство се доделува по пат на отворена постапка, со објавување на оглас, согласно одредбите од законот за јавни набавки.

**Член 8**

Постапката за доделување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапката за доделување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, која ќе биде формирана од страна на Градоначалникот на општина Гевгелија во рок од 5 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука. Комисијата ќе ја подготви тендерската документација во рок од пет дена од денот на нејзиното формирање.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

Бр. 09-707/1
23.04.2021 год.
Гевгелија

# АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 62 став (1) алинеа 15 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06,08/10, 18/14, 13/20 и 02/21год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.16/20 од 28.12.2020 год.) Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**

**на Општина Гевгелија за 2021 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма К4 во износ од 163.326,00 денари се доделуваат на **Пионерски Дом "ЈОСИП БРОЗ ТИТО"** од Гевгелија за плати и придонеси.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

О б р а з л о ж е н и е:

**Пионерски Дом "ЈОСИП БРОЗ ТИТО"** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година за плати и придонеси.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година во износ од 163.326,00 денари како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.12-37/115
07.04.2021

**Градоначалник**
**на Општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.g

Врз основа на член 62 став (1) алинеа 15 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06,08/10, 18/14, 13/20 и 02/21год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/20 од 28.12.2020 год.) Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

# РЕШЕНИЕ

## За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма К4 во износ од 18.000,00 денари се доделуваат на **Дејан Малазарков** од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

## Образложение:

**Дејан Малазарков** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година во износ од 18.000,00 денари како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.12-37/128
12.04.2021

**Градоначалник**
**на Општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 став (1) алинеа 15 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06,08/10, 18/14, 13/20 и 02/21год..) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/20 од 28.12.2020 год.) Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**

**на општина Гевгелија за 2021 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма К4 во износ од 9.000,00 денари се доделуваат на **Владо Коциров** од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е:**

**Владо Коциров** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година во износ од 9.000,00 денари како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/114
02.04.2021

**Градоначалник**
**на Општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20 и 02/21год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/20 од 28.12.2020 год.) Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**

**на општина Гевгелија за 2021 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма К4 во износ од 9.000,00 денари се доделуваат на **Стојан Бучков** од Негорци за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е:**

**Стојан Бучков** од Негорци поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година во износ од 9.000,00 денари како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/126
12.04.2021

**Градоначалник**
**на Општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

-----------------------------

Врз основа на член 62 став (1) алинеа 15 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20 и 02/21год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/20 од 28.12.2020 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2021 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери,Програма Г1 во износ од 140.000,00 денари се доделуваат на **Фондација за локален развој и развој на информатички технологии** од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение:**

**Фондација за локален развој и развој на информатички технологии** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година за програмски активности.

Оценувајки дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година во износ од 140.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-37/100
25.03.2021

**Градоначалник**
**на Општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20 и 02/21год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/20 од 28.12.2020 год.) Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери,Програма Г1 во износ од 150.000,00 денари се доделуваат на **Фондација за локален развој и развој на информатички технологии** од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение:**

**Фондација за локален развој и развој на информатички технологии** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година за програмски активности.

Оценувајки дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година во износ од 150.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-37/135
15.04.2021

**Градоначалник**
**на Општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20 и 02/21год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/20 од 28.12.2020 год.) Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери,Програма Д1 во износ од 13.500,00 денари се доделуваат на **Месна Заедница Габрово (Јован Белчев)** од Габрово за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение:**

**Месна Заедница Габрово** (Јован Белчев)од Габрово поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година во износ од 13.500.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-37/138
16.04.2021

**Градоначалник**
**на Општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20 и 02/21год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/20 од 28.12.2020 год.) Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери,Програма Д1 во износ од 27.000,00 денари се доделуваат на **Месна Заедница Моин (Тодор Новаков)** од Моин за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение:**

**Месна Заедница Моин** (Тодор Новаков)од Моин поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година во износ од 27.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-37/156
27.04.2021

**Градоначалник**
**на Општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

-------------------------------------

Врз основа на член 62 став (1) алинеа 15 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20 и 02/21год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/20 од 28.12.2020 год.) Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**

**на општина Гевгелија за 2021 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 6.000,00 денари се доделуваат на **Марија Васил Ѓоргиева** од Гевгелија за новороден син.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

**Марија Ѓоргиева** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година за новороден син.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година во износ од 6.000,00 денари како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/124
12.04. 2021

**Градоначалник**
**на Општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.g

Врз основа на член 62 став (1) алинеа 15 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20 и 02/21год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/20 од 28.12.2020 год.) Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**

**на општина Гевгелија за 2021 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 12.000,00 денари се доделуваат на **Сања Владо Иванова** од Богородица за новородена ќерка (трето дете).

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

**Сања Иванова** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година за новородена ќерка (трето дете).

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година во износ од 12.000,00 денари како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/122
12.04. 2021

**Градоначалник**
**на Општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.g

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20 и 02/21год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/20 од 28.12.2020 год.) Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 6.000,00 денари се доделуваат на **Ана Благој Арнаудова** од Гевгелија за новороден син.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Образложение:

**Ана Арнаудова** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година за новороден син.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година во износ од 6.000,00 денари како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/148
20.04. 2021

**Градоначалник**
**на Општина Гевгелија,**
**М-р Сашо Поцков**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20 и 02/21год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/20 од 28.12.2020 год.) Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**

**на општина Гевгелија за 2021 година**

